АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2013 година

Скопје, август 2014 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3

1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА..... 4
1.1. Македонска телевизија ..... 7
1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво..... 9
1.3. Сателитски телевизиски станици ..... 12
1.4. Телевизиски станици на регионално ниво ..... 15
1.5. Телевизиски станици на локално ниво ..... 18

2. РАДИОИНДУСТРИЈА ..... 21
2.1. Македонско радио ..... 23
2.2. Радиостаници на државно ниво ..... 26
2.3. Радиостаници на регионално ниво ..... 28
2.4. Радиостаници на локално ниво ..... 31

ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ ..... 38
ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ ..... 38

# ВОВЕД

Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2013 година е изготвена врз основа на податоците коишто самите радиодифузери ги доставија до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рамки на образецот СУЕ/1, кој содржи податоци за сопственичката структура, уредниците и економското работење на радиодифузерот во 2013 година.

Податоците се анализирани од аспект на работното место, степенот на образование, полот и статусот на вработените (редовен работен однос и хонорарно ангажирани).

Во Анализата, во две посебни глави е анализирана структурата на вработените во телевизиската индустрија и структурата на вработените во радиската индустрија. Во нив, пак, засебно се претставени податоците за јавниот радиодифузен сервис, комерцијалните радиодифузери на државно, регионално и на локално ниво.

Оваа е четврта Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија. Првата е изработена во 2011 година, а се однесуваше на бројот и структурата на вработените во 2010 година.

## ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Во 2013 година во телевизиската индустрија во целина биле ангажирани вкупно 1.941 лице. Од нив, 1545 лица биле во редовен работен однос, а 396 биле хонорарно ангажирани.

Споредено со 2012 година, бројот на вработените се зголемил за 177 лица, односно бројот на хонорарците се зголемил за 163 лица, а на редовно вработените за 14 лица.

**Табела 1: Структура на вработените во телевизиската индустрија**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 351 | 245 | 264 | 175 | 81 | 66 | 6 | 4 | 242 | 171 | 109 | 74 |
| 2 | Уредници | 67 | 76 | 56 | 50 | 11 | 26 | 0 | 0 | 61 | 60 | 6 | 16 |
| 3 | Управители/директори | 18 | 51 | 12 | 33 | 5 | 18 | 1 | 0 | 17 | 48 | 1 | 3 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 18 | 148 | 4 | 35 | 13 | 111 | 1 | 2 | 15 | 101 | 3 | 47 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 122 | 526 | 33 | 77 | 76 | 428 | 13 | 21 | 118 | 454 | 4 | 72 |
| 6 | Преостанат кадар | 178 | 141 | 60 | 45 | 104 | 78 | 14 | 18 | 139 | 119 | 39 | 22 |
| | ВКУПНО | 754 | 1187 | 429 | 415 | 290 | 727 | 35 | 45 | 592 | 953 | 162 | 234 |

Пораст на бројот на вработени имало кај сите категории на вработени, но зголемувањето било најзабележително кај новинарите, чијшто број се зголемил дури за 106 лица. Позначајно зголемување имало и кај реализаторскиот кадар, односно во оваа категорија на вработени биле ангажирани 43 лица повеќе отколку во 2012 година. Бројот на уредниците, пораснал за осум лица, на управителите и на техничкиот кадар за по три лица, а на преостанатиот кадар за 14 лица.

Од вкупно 1.941 вработени, 576 лица биле ангажирани во Македонската телевизија, 592 лица во телевизиите кои емитуваа програма на државно ниво преку терестријален предавател, 187 лица во сателитските телевизии на државно ниво, 349 лица во регионалните и 237 лица во локалните телевизи.

**Слика 1: Број на вработените во јавниот сервис и во комерцијалните телевизии**




Како и во претходната година, режисерите, снимателите и монтажерите и оваа година биле најбројни и учествувале со 33% во структурата на вработените. Од нив, 88% биле во редовен работен однос, а 12% биле хонорарно ангажирани.

**Слика 2: Структура на вработените во ТВ индустријата според работни места**




Со само два проценти помалку биле застапени новинарите (31%), а од нив 69% биле во редовен работен однос, а 31% биле хонорарно ангажирани.

Најголем дел од вработените во телевизиската индустрија биле мажи (61%). Тие биле најбројни кај реализаторскиот кадар, каде што биле за 4,3 пати побројни од жените (како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани 526 мажи, наспроти 122 жени).

Мажите биле побројни и кај уредниците, управителите/директорите и кај техничкиот кадар.

**Слика 3: Структура на вработените во ТВ индустријата според пол**




Лицата од женски пол биле побројни од мажите само кај новинарите (за 106 лица) и кај преостанатиот кадар (за 37 лица).

Повеќе од половината, односно 52% од вработените биле со завршено средно образование. Високо образование имале 44% од вработените, а само 4% имале друг вид на образование.

**Слика 4: Структура на вработените во ТВ индустријата според образование**




Речиси 50% од лицата со средно образование биле ангажирани како реализаторски кадар, додека пак најголем дел од лицата со високо образование работеле како новинари (52%).

Лицата со друг вид на образование биле најбројни кај реализаторскиот кадар (34 лица) и кај преостанатиот кадар (32 лица).

## 1.1. Македонска телевизија

Вкупниот број на вработени во Македонската телевизија во 2013 година изнесувал 576 лица, сите во редовен работен однос.

**Табела 2: Структура на вработените во Македонската телевизија**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | кадар | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 82 | 63 | 50 | 38 | 27 | 23 | 5 | 2 | 82 | 63 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 26 | 16 | 23 | 13 | 3 | 3 | 0 | 0 | 26 | 16 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 14 | 0 | 1 | 0 | 13 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 74 | 207 | 22 | 38 | 39 | 150 | 13 | 19 | 74 | 207 | 0 | 0 |
| 6 | Преостанат кадар | 53 | 37 | 13 | 11 | 31 | 13 | 9 | 13 | 53 | 37 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 235 | 341 | 108 | 105 | 100 | 202 | 27 | 34 | 235 | 341 | 0 | 0 |

Речиси половината од нив биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Позначајно учество имал и новинарскиот кадар, со учество од 25% во вкупниот број на вработени. Во однос на претходната година, бројот на уредниците и на управителите останал непроменет (по 42 лица биле ангажирани како уредници, а по четири лица како управители), а кај сите останати категории на вработени се намалил, и тоа: новинарскиот кадар за три лица, техничкиот кадар за две лица, реализаторскиот кадар за пет лица и преостанатиот кадар за 11 лица. Па така, во 2013 година во Македонската телевизија биле ангажирани 21 лице помалку отколку во претходната година.

**Слика 5: Структура на вработените во Македонската телевизија според работни места**



Од вкупниот број на вработени во Македонската телевизија, 235 биле жени, а 341 мажи. Жените биле побројни од мажите кај новинарите (за 19 лица), уредниците (за десет лица) и во категоријата преостанат кадар (за 16 лица).

**Слика 6: Структура на вработените во Македонската телевизија според пол**




Дури 66% од жените работеле како новинари и реализатори, 11% како уредници, а 23% биле ангажирани како преостанат кадар. Како управители, инженери и техничари не било вработено ниту едно лице од женски пол.

Најголем дел од мажите, пак, работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (61%). Позначајно учество имале и мажите ангажирани како новинари (18%).

Што се однесува до образованието, 52% од вработените биле со завршено средно образование. Од нив, речиси 50% биле машки лица ангажирани како реализаторски кадар. Поточно, со средно образование биле 67% од реализаторскиот кадар, 34% од новинарите, 14% од уредниците, 93% од техничкиот кадар (во оваа категорија биле ангажирани вкупно 14 лица, од кои 13 биле со завршено средно образование) и 49% од преостанатиот кадар.

**Слика 7: Структура на вработените во Македонската телевизија според образование**




Со комплетирано високо образование биле 213 лица, од кои 41% биле новинари. Позначајно учество меѓу нив имал и реализаторскиот кадар (28%).

Со друг вид на образование биле ангажирани 61 лице, од кои 52% работеле како реализаторски кадар, 36% како преостанат кадар и 12% како новинари.

## 1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво

Во анализираната година, во петте телевизиски станици кои емитуваа програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, биле вработени 592 лица, од кои 527 во редовен работен однос, а 65 биле хонорарци. Хонорарно ангажирани лица прикажале само ТВ Телма (43 лица) и ТВ Алсат-М (22 лица).

**Табела 3: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 110 | 76 | 95 | 62 | 15 | 13 | 0 | 1 | 81 | 63 | 29 | 13 |
| 2 | Уредници | 15 | 21 | 13 | 18 | 2 | 3 | 0 | 0 | 15 | 20 | 0 | 1 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 7 | 1 | 6 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 7 | 37 | 2 | 10 | 4 | 26 | 1 | 1 | 7 | 37 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 33 | 170 | 8 | 15 | 25 | 154 | 0 | 1 | 32 | 155 | 1 | 15 |
| 6 | Преостанат кадар | 54 | 61 | 21 | 17 | 31 | 40 | 2 | 4 | 51 | 58 | 3 | 3 |
| | ВКУПНО | 220 | 372 | 140 | 128 | 77 | 237 | 3 | 7 | 187 | 340 | 33 | 32 |

Од вкупниот број на вработени, 136 лица биле ангажирани во ТВ Сител, 127 во ТВ Алфа, 125 во ТВ Телма, 112 во ТВ Алсат-М и 92 во ТВ Канал 5.

Најзастапени во структурата на вработените биле реализаторскиот (34%) и новинарскиот кадар (31%).

Најголем број реализатори прикажала ТВ Сител (65 лица), а најмногу новинари ТВ Телма (63 лица).

**Слика 8: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво (според работни места)**




Во споредба со претходната година, бројот на режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар најмногу се зголемил во ТВ Телма (за 18 лица). Нивниот број во ТВ Сител се зголемил за четири лица, во ТВ Алсат-М и ТВ Алфа за по две лица, а во ТВ Канал 5 останал ист (во оваа телевизиска станица во 2012 и 2013 година биле вработени по 15 лица како реализаторски кадар).

**Слика 9: Новинарски и реализаторски кадар во терестријалните телевизии на државно ниво**




Во однос на останатите четири телевизии, а споредено со 2012 година, во ТВ Телма најмногу се зголемил и бројот на новинари, и тоа за 35 лица.

Бројот на новинари се зголемил и во ТВ Алфа (за три лица) и ТВ Алсат-М (за седум лица), а се намалил во ТВ Сител (за пет лица) и во ТВ Канал 5 (за две лица).

Најмногу уредници прикажале ТВ Алфа и ТВ Телма (по десет лица), најмногу лица ангажирани како управители/директори и преостанат кадар прикажале ТВ Алсат-М (три директори и 32 лица во категоријата „преостанат кадар“). Техничкиот кадар бил најброен кај ТВ Канал 5 (17 лица).

**Табела 4: Број на уредници, управители, технички и реализаторски кадар во терестријалните телевизии на државно ниво**

| работно место | ТВ Алсат-М | ТВ Алфа | ТВ Канал 5 | ТВ Сител | ТВ Телма |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредници | 8 | 10 | 7 | 1 | 10 |
| Управители/директори | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 4 | 3 | 17 | 13 | 7 |
| Преостанат кадар | 32 | 27 | 26 | 21 | 9 |

Машките лица вработени во овие пет субјекти биле побројни во однос на женските лица, односно од вкупниот број вработени 63% биле мажи, а 37% жени. Тие биле побројни во сите категории на вработени, освен кај новинарскиот кадар, каде што биле ангажирани 110 жени, наспроти 76 мажи.

Најголема разлика помеѓу бројот на мажи и жени имало кај реализаторскиот кадар, каде што бројот на машки лица бил пет пати повисок од бројот на женски лица.

**Слика 10: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво (според пол)**




Вработените од машки пол доминирале кај сите пет телевизиски станици. Сепак, разликата во однос на жените била најголема кај вработените во ТВ Алсат-М - 82 мажи наспроти 30 жени. Во ТВ Алфа биле ангажирани 79 мажи и 48 жени, во ТВ Канал 5 - 51 маж и 41 жена, во ТВ Сител 89 мажи и 47 жени, а во ТВ Телма 71 маж и 54 жени.

Од вкупниот број на вработени, 53% биле со комплетирано средно образование, 45% биле со високо образование, а 2% имале друг вид на образование. Сите вработени со друго образование биле ангажирани во ТВ Канал 5.

Најголем дел од лицата со средно образование биле ангажирани како реализаторски кадар (57%), а најголем дел од лицата со високо образование биле вработени како новинари (59%).

**Слика 11: Структура на вработените во националните телевизии  според образование**




Речиси 73% од лицата ангажирани во ТВ Телма биле со високо образование, а 27% биле со завршено средно образование. Во ТВ Алсат-М со високо образование биле 43% од вработените, а 57% биле со средно образование. Овој соодност во ТВ Алфа бил 44% со високо наспроти 56% со средно образование, во ТВ Канал 5, 34% со високо наспроти 55% со средно и 11% со друго образование, а во ТВ Сител 31% со високо образование, наспроти 69% со средно.

## 1.3. Сателитски телевизиски станици

Во 2013 година, во сателитските телевизии биле вработени вкупно 187 лица. Од нив, 135 лица биле во редовен работен однос, а 52 биле хонорарно ангажирани.

**Табела 5: Структура на вработените во сателитските телевизии**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 30 | 33 | 25 | 28 | 4 | 4 | 1 | 1 | 22 | 18 | 8 | 15 |
| 2 | Уредници | 10 | 7 | 9 | 6 | 1 | 1 | 0 | 0 | 8 | 4 | 2 | 3 |
| 3 | Управители/директори | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 5 | 18 | 2 | 6 | 3 | 11 | 0 | 1 | 2 | 12 | 3 | 6 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 8 | 40 | 1 | 6 | 7 | 34 | 0 | 0 | 7 | 34 | 1 | 6 |
| 6 | Преостанат кадар | 19 | 12 | 10 | 6 | 9 | 6 | 0 | 0 | 13 | 10 | 6 | 2 |
| | ВКУПНО | 75 | 112 | 49 | 53 | 25 | 57 | 1 | 2 | 55 | 80 | 20 | 32 |

Најголем број на вработени прикажала ТВ 24 Вести, вкупно 71 лице. Во Наша ТВ биле ангажирани 46 лица, во ТВ Сонце 44, во ТВ Канал 5 Плус 26, а ТВ Сител 3 не прикажала ниту едно вработено лице, ниту во редовен работен однос, ниту хонорарно ангажирано.

Речиси 50% од лицата во редовен работен однос биле вработени само во ТВ 24 Вести (вкупно 67 лица). Во ТВ Канал 5 Плус биле ангажирани 26 лица во редовен работен однос, а во Наша ТВ и во ТВ Сонце по 21 лице. Најголем број на хонорарци, пак, биле ангажирани во Наша ТВ, вкупно 25 лица. Нешто помалку, односно 23 лица биле ангажирани во ТВ Сонце, а четири во ТВ 24 Вести.

Најбројни помеѓу вработените биле новинарите (34%).

**Слика 12: Структура на вработените во сателитските телевизии според работни места**




Најмногу новинари во анализираната година биле ангажирани во ТВ 24 Вести (44% од вкупниот број на новинари). Во оваа телевизиска станица биле вработени и најмногу режисери сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (63% од вкупниот реализаторски кадар).

**Слика 13: Новинарски и реализаторски кадар во сателитските телевизии**




Споредено со 2012 година, бројот на новинари во ТВ 24 Вести се зголемил за 10 лица, во Наша ТВ за две лица, во ТВ Сонце за девет лица, а во ТВ Канал 5 Плус се намалил за две лица.

Бројот на реализатори, пак, се зголемил само во ТВ 24 Вести, и тоа за 15 лица, а во другите три телевизии се намалил, и тоа за две лица во Наша ТВ и за по едно лице во ТВ Канал 5 Плус и ТВ Сонце.

Најмногу уредници и управители/директори прикажала Наша ТВ (11 односно три лица), а најмногу лица ангажирани како технички кадар и како преостанат кадар прикажала ТВ Канал 5 Плус (девет односно десет лица).

**Табела 6: Број на уредници, управители, технички и реализаторски кадар во сателитските телевизии**

| работно место | ТВ 24 Вести | ТВ Канал 5 плус | Наша ТВ | ТВ Сонце |
|---|---|---|---|---|
| Уредници | 3 | 1 | 11 | 2 |
| Управители/директори | 1 | 0 | 3 | 1 |
| Технички кадар | 3 | 9 | 8 | 3 |
| Преостанат кадар | 6 | 10 | 8 | 7 |

Шеесет отсто од вработените во овој сегмент од телевизиската индустрија биле мажи, а 40% жени. Најголем број на мажи биле ангажирани како реализатори (36% од вкупниот број на мажи), а најголем број на жени како новинари (40% од вкупниот број на жени).

**Слика 14: Структура на вработените во сателитските телевизии според пол**




Жените биле побројни од мажите само кај Наша ТВ (за четири лица), а кај сите други телевизиски станици биле побројни мажите. Во ТВ Сонце биле ангажирани 20 мажи повеќе отколку жени, во ТВ 24 Вести 13, а во ТВ Канал 5 Плус осум мажи повеќе отколку жени.

Повеќе од половината од вработените во сателитските телевизии биле со комплетирано високо образование (54%). Најголем дел од нив, поточно 52% биле вработени како новинари.

**Слика 15: Структура на вработените во сателитските телевизии според образование**




Со завршено средно образование биле 44% од вработените, од кои половината работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Само три лица биле со друг вид на образование. Две од нив биле ангажирани како новинари во ТВ 24 Вести, а едно работело како технички кадар во ТВ Канал 5 Плус.

## 1.4. Телевизиски станици на регионално ниво

Вкупниот број на вработени во 27-те регионални телевизиски станици[1] во 2013 година изнесувал 349 лица, од кои 185 биле во редовен работен однос и 164 хонорарно ангажирани.

Најголем број на вработени (во редовен работен однос и хонорарци) прикажале ТВ Ера од Скопје (28 лица), ТВ Вис од Стримица (24 лица), ТВ Ирис од Штип (21 лице) и ТВ КТВ од Кавадарци (20 лица).

Најмногу вработени во редовен работен однос имало во ТВ Ера од Скопје и во ТВ Ирис од Штип (по 16 лица), во ТВ Кисс од Тетово (15 лица) и во ТВ МТМ од Скопје (14 лица). Во овие четири телевизиски станици биле ангажирани 33% од вкупниот број на лица во редовен работен во регионалните телевизии.

По само едно лице во редовен работен однос прикажале ТВ Скајнет, ТВ БТР и ТВ Шутел, сите три од Скопје, ТВ ВТВ од Валандово и ТВ НТВ од Охрид.

[1] Дозвола да емитуваат програма на регионално ниво во првите пет месеци од 2013 година имаа девет телевизии, сите на подрачјето на Скопје. Со преминот од аналогно во дигитално емитување, бројот на регионалните телевизии се зголеми на 29, откако вкупно 20 локални телевизии ја искористија можноста од локални да преминат во регионални телевизии. Во јуни 2013 година престана да важи дозволата на ТВ Крт од Скопје, а во март 2014 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ја одзеде дозволата на ТРД ТВ Арт Канал од Струга.

Најмногу хонорарци биле ангажирани во ТВ Вис од Струмица (14 лица), ТВ Скајнет (13 лица), ТВ Ера (12 лица) и ТВ Шутел (11 лица), сите три од Скопје и во ТВ НТВ од Охрид (12 лица).

**Табела 7: Структура на вработените во регионалните телевизии**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 87 | 45 | 65 | 30 | 22 | 15 | 0 | 0 | 34 | 18 | 53 | 27 |
| 2 | Уредници | 11 | 14 | 8 | 5 | 3 | 9 | 0 | 0 | 9 | 10 | 2 | 4 |
| 3 | Управители/директори | 6 | 20 | 5 | 12 | 1 | 8 | 0 | 0 | 5 | 19 | 1 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 6 | 48 | 0 | 11 | 6 | 37 | 0 | 0 | 6 | 24 | 0 | 24 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 4 | 63 | 1 | 9 | 3 | 54 | 0 | 0 | 4 | 30 | 0 | 33 |
| 6 | Преостанат кадар | 29 | 16 | 12 | 4 | 16 | 11 | 1 | 1 | 16 | 10 | 13 | 6 |
| | ВКУПНО | 143 | 206 | 91 | 71 | 51 | 134 | 1 | 1 | 74 | 111 | 69 | 95 |

ТВ Сител 2 не прикажала ниту едно вработено лице, ниту во редовен работен однос, ниту хонорарно ангажирано.

**Слика 16: Структура на вработените во регионалните телевизии според работните места**




Најзастапени во структурата на вработените биле новинарите, кои во најголем број биле вработени во ТВ Ирис од Штип (11 лица), ТВ Амазон од Скопје и во ТВ КТВ од Кавадарци (по 10 лица).

ТВ Скопје од Скопје, ТВ Сител 2 од Кратово и ТВ Чеграни Медиа од Гостивар не прикажале ниту едно лице ангажирано како новинар.

Втор по застапеност бил реализаторскиот кадар. Речиси 30% од овие лица биле ангажирани само во три телевизиски станици (осум лица во ТВ Ера од Скопје и по шест лица во ТВ Скајнет од Скопје и ТВ Вис од Струмица).

Најмногу инженери и техничари прикажале ТВ КТВ од Кавадарци и ТВ Кисс од Тетово (по пет лица), ТВ Ера од Скопје и ТВ Ирис од Штип (по четири лица).

Во ТВ Ера од Скопје биле ангажирани и најмногу лица од категоријата преостанат кадар (11 лица).

Педесет и девет отсто од вработените во регионалните телевизии биле мажи, а 41% жени. Најмногу мажи биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (31% од вкупниот број на мажи), а најголем дел од жените работеле како новинари (61% од вкупниот број на жени).

**Слика 17: Структура на вработените во регионалните телевизии според пол**




Жените биле побројни само кај новинарскиот кадар (за 42 лица) и кај преостанатиот кадар (за 13 лица), а во сите други категории на вработени побројни биле мажите.

Од вкупниот број на вработени во регионалните телвизиски станици, 46% биле со високо образование, 53% со средно, а само 1% биле со завршено друг вид на образование. Гледано од аспект на полот, со завршено високо образование биле 64% од жените и 34% од мажите, со средно образование биле 36% од жените и 65% од мажите, а со друго образование биле ангажирани само две лица (по едно од машки и женски пол).

**Слика 18: Структура на вработените во регионалните телевизии според образование**




Најголем дел од лицата со високо образование биле вработени како новинари (59%), а најголем дел од лицата со средно образование работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (31%). Двете лица со друг вид на образование биле ангажирани во категоријата преостанат кадар во ТВ Ера.

## 1.5. Телевизиски станици на локално ниво

На 31 декември 2013 година дозвола да емитуваат телевизиска програма на локално ниво имаа 27 телевизиски станици. Во нив биле ангажирани вкупно 237 лица, од кои 122 во редовен работен однос, а 115 хонорарно ангажирани.

**Табела 8: Структура на вработените во локалните телевизии**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 42 | 28 | 29 | 17 | 13 | 11 | 0 | 0 | 23 | 9 | 19 | 19 |
| 2 | Уредници | 5 | 18 | 3 | 8 | 2 | 10 | 0 | 0 | 3 | 10 | 2 | 8 |
| 3 | Управители/директори | 8 | 18 | 4 | 10 | 3 | 8 | 1 | 0 | 8 | 16 | 0 | 2 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 31 | 0 | 7 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 17 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 3 | 46 | 1 | 9 | 2 | 36 | 0 | 1 | 1 | 28 | 2 | 18 |
| 6 | Преостанат кадар | 23 | 15 | 4 | 7 | 17 | 8 | 2 | 0 | 6 | 4 | 17 | 11 |
| | ВКУПНО | 81 | 156 | 41 | 58 | 37 | 97 | 3 | 1 | 41 | 81 | 40 | 75 |

Во ТВМ од Охрид биле ангажирани најмногу вработени - вкупно 22 лица, а во ТВ Супер Скај од Тетово најмалку, и тоа само едно лице. Најмногу вработени во редовен работен однос имало во ТВ Тера од Битола (14 лица) и во ТВМ од Охрид (13 лица).

Новинарскиот кадар бил најзастапен во структурата на вработените и истиот учествувал со 29% во вкупниот број на вработени на локалниот телевизиски пазар. Од нив, 46% биле редовно вработени, а 54% биле хонорарци. Најмногу новинари биле ангажирани во ТВМ од Охрид (седум лица) и во ТВ Интел од Струмица (шест лица).

**Слика 19: Структура на вработените во локалните телевизии според работни места**




Позначајно учество прикажал и реализаторскиот кадар, кој броел вкупно 49 лица. Најголем број на реализатори прикажале ТВ Тера од Битола (седум лица) и ТВ Здравкин од Велес (пет лица). Во дури шест локални телевизии не било вработено ниту едно лице од оваа категорија (ТВ Феста од Куманово, ТВ Свет од Свети Николе, ТВ Калтрина од Струга, ТВ Дибра од Дебар, ТВ Гурра од Кичево и ТВ Супер Скај од Тетово).

Доколку се погледне структурата на вработените според полот, може да се забележи дека вработените од машки пол биле речиси двојно побројни од вработените од женски пол (биле вработени 156 мажи наспроти 81 жена).

Мажите биле најбројни кај реализаторскиот и кај техничкиот кадар, каде што биле ангажирани 46, односно 31 лице (како реализатори биле ангажирани само три жени, а како инженери и техничари не било вработено ниту едно лице од женски пол). Исто така, најголем број од лицата ангажирани како уредници и управители/директори биле мажи.

Жените, пак, биле побројни само кај новинарскиот кадар и во категоријата преостанат кадар. Како новинари работеле 42 жени, наспроти 28 мажи, а како преостанат кадар биле ангажирани 23 жени наспроти 15 мажи.

**Слика 20: Структура на вработените во локалните телевизии според пол**




Речиси 46% од мажите биле вработени само во седум локални телевизии (во ТВ Дуе од Гостивар 11, а во ТВ Нова од Куманово, ТВ Здравкин од Велес, ТВ Тера од Битола, ТВМ од Охрид, ТВ Арт од Тетово и ТВ Интел од Струмица по десет).

Најмногу вработени жени прикажале ТВМ од Охрид (12) и ТВ Тера од Битола (осум).

Што се однесува до образованието на вработените, најголем дел биле со комплетирано средно образование (56%). Најбројни помеѓу овие лица биле мажите вработени како режисери сниматели монтажери и друг реализаторски кадар (27%).

Со високо образование биле 42% од вкупниот број на вработени, односно 37% од мажите и 51% од жените. Најголем дел од нив работеле како новинари (29 жени и 17 мажи).

**Слика 21: Структура на вработени во локалните телевизии според образование**




Со друг вид на образование биле вработени само четири лица, од кои едно лице било ангажирано како управител во ТВ Аниса од Пласница, едно како реализаторски кадар во ТВ Здравкин од Велес и по едно како преостанат кадар во ТВ Арт од Тетово и ТВ Канал 8 од Кочани.

## 2. РАДИОИНДУСТРИЈА

Во анализираната година во радиоиндустријата во целина биле вработени вкупно 641 лице, што е за 66 лица повеќе отколку во претходната година (бројот на хонорците се зголемил за 67 лица, а бројот на лицата во редовен работен однос се намалил за едно лице).

Од вкупниот број на вработени во сите радиостаници во 2013 година, 461 лице биле во редовен работен однос, а 180 биле хонорарно ангажирани.

**Табела 9: Структура на вработените во радиоиндустријата**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 124 | 83 | 82 | 46 | 42 | 35 | 0 | 2 | 77 | 50 | 47 | 33 |
| 2 | Уредници | 34 | 61 | 28 | 35 | 4 | 25 | 2 | 1 | 27 | 50 | 7 | 11 |
| 3 | Управители/директори | 21 | 45 | 9 | 17 | 12 | 28 | 0 | 0 | 19 | 42 | 2 | 3 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 8 | 71 | 2 | 19 | 6 | 52 | 0 | 0 | 2 | 42 | 6 | 29 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 29 | 84 | 9 | 11 | 19 | 68 | 1 | 5 | 28 | 72 | 1 | 12 |
| 6 | Преостанат кадар | 54 | 27 | 17 | 10 | 31 | 11 | 6 | 6 | 37 | 15 | 17 | 12 |
| | ВКУПНО | 270 | 371 | 147 | 138 | 114 | 219 | 9 | 14 | 190 | 271 | 80 | 100 |

Дури 42% од вработените биле ангажирани во Македонското радио. Во радиостаниците кои емитуваат програма на државно ниво биле вработени 13%, во регионалните радиостаници 17% и во локалните 28% од вкупниот број на вработени.

**Слика 22: Број на вработени во МРА и во комерцијалните радиостаници**



Најголем дел од вработените биле ангажирани како новинари (207 лица). Во споредба со претходната година, нивниот број се зголемил за 27 лица. За едно лице помалку, односно зголемување за 26 лица било забележано кај уредниците, додека пак бројот на техничкиот кадар се зголемил за шест лица, а на преостанатиот кадар за 13 лица. Единствено се намалил бројот на управителите/директорите и на реализаторскиот кадар, и тоа за едно, односно за пет лица.

Позначајно учество во структурата на вработените имал и реализаторскиот кадар, кој учествувал со 18% во вкупниот број на вработени.

**Слика 23: Структура на вработените во радиоиндустријата според работни места**




Бројот на машки лица вработени во радиостаниците во целина изнесувал 371 лице, наспроти 270 жени.

Четириесет и пет отсто од мажите во радиоиндустријата работеле како реализатори и новинари. Освен кај реализаторите, каде што имало 55 мажи повеќе отколку жени, мажите биле значително побројни во однос на жените и кај техничкиот кадар (дури за 63 лица), кај управителите/директорите (за 24 лица) и кај уредниците (за 27 лица).

**Слика 24: Структура на вработените во радиоиндустријата според пол**



Речиси 46% од жените биле вработени како новинарки. Во оваа категорија биле ангажирани 41 жена повеќе отколку мажи. Жените биле побројни од мажите и кај преостанатиот кадар (за 27 лица).

Што се однесува до степенот на образование на вработените, 44% биле со завршено високо образование, 52% биле со средно, а 4% биле со друг вид на образование.

**Слика 25: Структура на вработените во радиоиндустријата според образование**




Речиси 45% од лицата со високо образование биле вработени како новинари, а половина помалку, односно 22% работеле како уредници.

Најголем дел од лицата со комплетирано средно образование биле ангажирани како реализаторскиот кадар (87 лица) и како новинари (77 лица).

Од лицата со друго образование, 12 биле ангажирани во категоријата „преостанат кадар", шест работеле како реализатори, три како уредници и две како новинари.

## 2.1. Македонско радио

Во 2013 година во Македонското радио биле ангажирани вкупно 270 лица и сите биле во редовен работен однос.

Во споредба со претходната година, нивниот број се намалил за шест лица, и тоа за три лица се намалил бројот на новинари, за две бројот на инженери и техничари и за едно лице бројот на вработените во категоријата преостанат кадар.

**Табела 10: Структура на вработените во Македонското радио**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | кадар | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 49 | 33 | 37 | 21 | 12 | 10 | 0 | 2 | 49 | 33 | 0 | 0 |
| 2 | Уредници | 22 | 23 | 19 | 20 | 1 | 2 | 2 | 1 | 22 | 23 | 0 | 0 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 6 | 0 | 1 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 26 | 64 | 7 | 6 | 18 | 53 | 1 | 5 | 26 | 64 | 0 | 0 |
| 6 | Преостанат кадар | 33 | 12 | 9 | 2 | 21 | 4 | 3 | 6 | 33 | 12 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 131 | 139 | 73 | 51 | 52 | 74 | 6 | 14 | 131 | 139 | 0 | 0 |

Најзастапен во структурата на вработените бил реализаторскиот кадар (33%). Во споредба со претходната година бројот на вработени во оваа категорија останал непроменет (како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани вкупно 90 лица).

Позначајно учесто имал и новинарскиот кадар (30%).

**Слика 26: Структура на вработените во МРА според работни места**




Најмногу мажи биле ангажирани како реализаторски кадар (46% од вкупниот број на мажи), а најмногу жени работеле како новинари (37% од вкупниот број на жени).

**Слика 27: Структура на вработените во МРА според пол**




Со комплетирано високо образование биле 46% од вработените, со средно 47%, а друг вид на образование имале 7% од вкупниот број на вработени.

**Слика 28: Структура на вработените во МРА според образование**




Лицата со високо образование биле побројни кај новинарите, уредниците и управителите/директорите, а лицата со средно образование кај техничкиот, реализаторскиот и преостанатиот кадар. Дури 56% од лицата со завршено средно образование биле режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

Најголем број од вработените со друг вид на образование биле ангажирани во категоријата преостанат кадар (девет лица).

## 2.2. Радиостаници на државно ниво

Во четирите комерцијални радиостаници на државно ниво биле ангажирани вкупно 82 лица. Од нив, 30 биле во редовен работен однос, а 52 биле хонорарно ангажирани.

Зголемувањето на бројот на вработени во овој сегмент од радиоиндустријата, во споредба со претходната година, кога биле ангажирани само 36 лица, во најголема мера се должи на бројот на вработени кои ги прикажал новиот субјект во радиската индустрија - РА Слободна Македонија (29 лица). Оваа радиостаница започна да емитува програма во декември 2013 година.

Бројот на вработени го зголемиле и останатите три радиостаници, и тоа РА Канал 77 за 13 лица, РА Рос Метрополис за 3 лица и РА Антена 5 за едно лице.

**Табела 11: Структура на вработените во националните радиостаници**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | Вкупен број | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 19 | 17 | 12 | 5 | 7 | 12 | 0 | 0 | 5 | 5 | 14 | 12 |
| 2 | Уредници | 3 | 6 | 2 | 3 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 2 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 3 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 0 | 13 | 0 | 5 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 7 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 0 | 7 | 0 | 1 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 4 |
| 6 | Преостанат кадар | 5 | 8 | 3 | 5 | 1 | 3 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 7 |
| | ВКУПНО | 28 | 54 | 17 | 21 | 10 | 33 | 1 | 0 | 8 | 22 | 20 | 32 |

Во анализираната година РА Слободна Македонија прикажала најголем број на вработени, вкупно 29 лица. Во РА Антена 5 биле вработени 23 лица, во РА Канал 77 - 20 лица, а во РА Рос Метрополис 10 лица.

Во редовен работен однос во РА Антена 5 биле ангажирани 14 лица, во РА Слободна Македонија 11 лица, а во РА Канал 77 пет лица.

Ниту едно лице не било ангажирано во редовен работен однос РА Рос Метрополис.

Најзастапени во структурата на вработените биле новинарите (44%). Од нив, најголем број биле ангажирани во РА Канал 77 (15 лица, односно 42% од новинарите во сите четири радиостаници).

Како технички и преостанат кадар биле ангажирани еднаков број на вработени (по 13 лица).

Само РА Антена 5 прикажала реализаторски кадар.

**Слика 29: Структура на вработените во националните радиостаници според работни места**




Мажите биле побројни од жените кај секоја од овие четири радиостаници, и тоа: кај РА Антена 5 за 11 лица, кај РА Канал 77 и РА Рос Метрополис за четири лица и кај РА Слободна Македонија за седум лица.

Лицата од женски пол биле побројни само кај новинарскиот кадар (за две лица).

Како реализаторски и технички кадар не била ангажирана ниту една жена.

**Слика 30: Структура на вработените во националните радиостаници според пол**



Повеќе од половината од вработените во овие четири радиостаници биле со завршено средно образование (52%). Од нив, дури 44% работеле како новинари.

Најголем дел од лицата со комплетирано високо образование биле ангажирани како новинари (45%).

**Слика 31: Структура на вработените во националните радиостаници според образование**




Од вкупниот број на вработени во РА Антена 5, 10 лица биле со високо и 13 со средно образование. Во РА Канал 77 биле ангажирани 6 лица со високо и 14 лица со средно образование, во РА Слободна Македонија 12 лица биле со високо, 16 со средно и едно лице со друг вид на образование, додека, пак, десетте лица ангажирани како хонорни соработници во РА Рос Метрополис биле со завршено високо образование.

## 2.3. Радиостаници на регионално ниво

Вкупниот број на вработени во 17-те регионални радиостаници во 2013 година изнесувал 109 лица, од кои 51 биле во редовен работен однос, а 58 биле хонорарно ангажирани. Во споредба со претходната година, бројот на редовно вработените лица се намалил за 14 лица, а бројот на хонорарците се зголемил дури за 38 лица.

Најголем број на вработени прикажале Универзитетското радио Студент ФМ 92,9 (21 лице) и РА Буба Мара (17 лица). Сите лица ангажирани во Универзитетското радио Студент ФМ 92,9 биле хонорарци, додека пак во РА Буба Мара шест од вработените биле во редовен работен однос, а останатите 11 биле хонорарно ангажирани.

Најмногу вработени во редовен работен однос прикажала РА Фортуна (осум лица), додека пак РА Класик ФМ воопшто не прикажала вработени, ниту во редовен работен однос ниту хонорарно ангажирани.

**Табела 12: Структура на вработените во регионалните радиостаници**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 25 | 12 | 12 | 5 | 13 | 7 | 0 | 0 | 6 | 5 | 19 | 7 |
| 2 | Уредници | 6 | 14 | 5 | 7 | 1 | 7 | 0 | 0 | 1 | 9 | 5 | 5 |
| 3 | Управители/директори | 1 | 11 | 1 | 5 | 0 | 6 | 0 | 0 | 1 | 10 | 0 | 1 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 1 | 17 | 0 | 2 | 1 | 15 | 0 | 0 | 1 | 10 | 0 | 7 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 1 | 9 | 1 | 4 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| 6 | Преостанат кадар | 8 | 4 | 4 | 2 | 2 | 2 | 2 | 0 | 2 | 1 | 6 | 3 |
| | ВКУПНО | 42 | 67 | 23 | 25 | 17 | 42 | 2 | 0 | 11 | 40 | 31 | 27 |

Во структурата на вработените во регионалните радиостаници најголемо учество имал новинарскиот кадар (34%), а најмало реализаторскиот кадар (9%).

Радиостаницата Универзитетско радио Студент ФМ 92,9 прикажала најмногу новинари и уредници (14 новинари и пет уредници). Во РА Зона М-1 биле ангажирани четворица новинари, во РА Буба Мара, РА Ват, РА Сити и РА Фортуна по тројца, во РА Спортско радио 90,3 ФМ двајца и во РА Клуб ФМ, РА РФМ, РА Скај, РА Хоме и РА Фолк по еден новинар.

Останатите пет регионални радиостаници (РА Арачина, РА Класик, РА Лајф ФМ, РА Роса АБ и РА Џез ФМ) не прикажале ниту еден вработен новинар.

**Слика 32: Структура на вработените во регионалните радиостаници според работните места**



Дури 61% од вработените во овој сегмент на радискиот пазар биле мажи. Тие биле значително побројни во однос на жените кај техничкиот кадар, каде што биле вработени 17 мажи и само една жена. Како реализаторски кадар биле ангажирани девет мажи и една жена, како управители 11 мажи и една жена, а како уредници 14 мажи и шест жени.

**Слика 33: Структура на вработените во регионалните радиостаници според пол**




Жените биле побројни кај новинарите и кај преостанатиот кадар. Во двете категории тие биле двојно побројни од мажите, односно како новинари биле вработени 25 жени наспроти 12 мажи, а како преостанат кадар осум жени наспроти четворица мажи.

Сите вработени во дури пет регионални радиостаници (РА Арачина, РА Роса АБ, РА Хоме, РА Спортско 90,3 ФМ и РА Џез ФМ) биле од машки пол.

Повеќе од половината од вработените биле со завршено средно образование (54%). Најбројни меѓу нив, пак, биле машките лица коишто работеле како инженери и техничари (25%) и женските лица ангажирани како новинари (22%).

**Слика 34: Структура на вработените во регионалните радиостаници според образование**



Шеесет отсто од лицата со високо образование биле вработени како новинари (35%) и уредници (25%). По 13% биле ангажирани како управители и преостанат кадар, 10% работеле како реализаторски кадар, а 4% како технички кадар.

Само две лица биле со друг вид на образование и тие биле ангажирани како преостанат кадар во РА Ват и во РА Лајф ФМ.

## 2.4. Радиостаници на локално ниво

Во анализираната година вкупниот број на локални радиостаници изнесуваше 57, но во оваа Анализа се опфатени податоците за структурата на вработените во 55 од нив, поради тоа што за време на изготвувањето две радиостаници (РА ЕНЕРГУ од Струга и РА Беса од с. Црнилиште, Долнени) ја изгубија дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Кај овие 55 субјекти биле ангажирани вкупно 180 лица. Од нив 61% биле редовно вработени, а 39% биле хонорарно ангажирани. Во споредба со претходната година вкупниот број на вработени се зголемил само за две лица.

**Табела 13: Структура на вработените во локалните радиостаници**

| | | Состојба на 31.12.2013 година | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број | | образование | | | | | | статус | | | |
| | | | | ВСС | | ССС | | друго | | редовен работен однос | | хонорарно ангажирани | |
| | кадар | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м |
| 1 | Новинари | 31 | 21 | 21 | 15 | 10 | 6 | 0 | 0 | 17 | 7 | 14 | 14 |
| 2 | Уредници | 3 | 18 | 2 | 5 | 1 | 13 | 0 | 0 | 3 | 14 | 0 | 4 |
| 3 | Управители/директори | 18 | 30 | 7 | 9 | 11 | 21 | 0 | 0 | 16 | 28 | 2 | 2 |
| 4 | Технички кадар (инженери и техничари) | 7 | 35 | 2 | 11 | 5 | 24 | 0 | 0 | 1 | 20 | 6 | 15 |
| 5 | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 2 | 4 | 1 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 |
| 6 | Преостанат кадар | 8 | 3 | 1 | 1 | 7 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 7 | 2 |
| | ВКУПНО | 69 | 111 | 34 | 41 | 35 | 70 | 0 | 0 | 40 | 70 | 29 | 41 |

Вкупниот број на новинари и на лицата ангажирани во категоријата преостанат кадар се намалил за по три лица, а на реализаторите за шест лица, додека пак бројот на уредниците се зголемил за седум лица, на управителите/директорите за едно лице и на техничкиот кадар за шест лица.

Најголем број на вработени прикажале РА Скај радио плус од Берово и РА Холидеј од Прилеп, каде што биле вработени по седум лица, и РА 106 од Битола и РА ПРО-ФМ од Гостивар, каде што работеле по шест лица.

Во девет локални радиостаници биле ангажирани по пет лица, во 11 работеле по четири лица, во 12 по три, во 11 по две лица и во седум радиостаници по едно лице. РА Ди-Џеј од Струга не прикажала ниту едно вработено лице, ниту во редовен работен однос, ниту хонорарно ангажирано.

Новинарскиот кадар, како и во 2012 година, имал најголемо учество во структурата на вработените (29% од вкупниот број на вработени во локалните радиостаници). Со само 2% помалку биле застапени управителите, односно директорите, а најмалку лица биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (само 3%).

**Слика 35: Структура на вработените во локалните радиостаници според работните места**




Најмногу новинари биле вработени во РА Голди од Велес, РА Супер од Охрид и во РА Холидеј од Прилеп (по три лица). Дури 19 радиостаници не прикажале ниту едно вработено лице од оваа категорија.

РА Холидеј прикажала и најмногу лица вработени како технички кадар (три).

Шесте лица вработени како реализаторски кадар биле ангажирани во РА Скај радио плус од Берово, РА Охрид од Охрид, РА 106 од Битола, РА Мерлин од Дебар и во РА Аљбана и во РА КМР од Куманово.

Доколку се погледне структурата на вработените според полот, може да се види дека мажите се значително побројни од жените, односно биле вработени 111 мажи наспроти 69 жени.

Речиси 32% од лицата од машки пол биле ангажирани како технички кадар. Тие биле видливо побројни и кај уредниците (18 мажи наспроти три жени) и управителите (30 мажи наспроти 18 жени). Жените, пак, доминирале кај новинарскиот и кај преостанатиот кадар, каде што биле побројни за десет, односно за пет лица.

**Слика 36: Структура на вработените во локалните радиостаници според пол**




Од вкупниот број на вработени во овој сегмент на радиоиндустријата, 58% биле со комплетирано средно образование, а 42% биле со високо образование.

Освен кај новинарскиот кадар, во сите други категории на вработени доминирале лицата со завршено средно образование. Тие биле најбројни кај управителите (32 лица) и кај техничкиот кадар (29 лица).

**Слика 37: Структура на вработените во локалните радиостаници според образование**



**Табела 14: Преглед на вработените во сите телевизиски и радиостаници**

| бр. | подрачје | назив | Новинари | Уредници | Управители/директори | Технички кадар (инжинери и техничари) | Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | Преостанат кадар | Вкупно | Редовен работен однос | Хонорарно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | нац. | МТВ | 145 | 42 | 4 | 14 | 281 | 90 | 576 | 576 | 0 |
| 2 | нац. | ТВ Алсат-М | 26 | 8 | 3 | 4 | 39 | 32 | 112 | 90 | 22 |
| 3 | нац. | ТВ Алфа | 36 | 10 | 2 | 3 | 49 | 27 | 127 | 127 | 0 |
| 4 | нац. | ТВ Канал 5 | 26 | 7 | 1 | 17 | 15 | 26 | 92 | 92 | 0 |
| 5 | нац. | ТВ Сител | 35 | 1 | 1 | 13 | 65 | 21 | 136 | 136 | 0 |
| 6 | нац. | ТВ Телма | 63 | 10 | 1 | 7 | 35 | 9 | 125 | 82 | 43 |
| 7 | нац. сат. | ТВ 24 Вести | 28 | 3 | 1 | 3 | 30 | 6 | 71 | 67 | 4 |
| 8 | нац. сат. | ТВ Канал 5 Плус | 2 | 1 | 0 | 9 | 4 | 10 | 26 | 26 | 0 |
| 9 | нац. сат. | ТВ Наша ТВ | 10 | 11 | 3 | 8 | 6 | 8 | 46 | 21 | 25 |
| 10 | нац. сат. | ТВ Сител 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | нац. сат. | ТВ Сонце | 23 | 2 | 1 | 3 | 8 | 7 | 44 | 21 | 23 |
| 12 | рег. | ТВ Амазон | 10 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 15 | 5 | 10 |
| 13 | рег. | ТВ Скајнет | 1 | 2 | 1 | 1 | 6 | 3 | 14 | 1 | 13 |
| 14 | рег. | ТВ БТР | 2 | 0 | 1 | 3 | 1 | 4 | 11 | 1 | 10 |
| 15 | рег. | ТВ Едо | 6 | 2 | 1 | 2 | 2 | 0 | 13 | 5 | 8 |
| 16 | рег. | ТВ Ера | 3 | 1 | 1 | 4 | 8 | 11 | 28 | 16 | 12 |
| 17 | рег. | ТВ МТМ | 5 | 2 | 1 | 1 | 4 | 3 | 16 | 14 | 2 |
| 18 | рег. | ТВ Скопје | 0 | 2 | 0 | 1 | 2 | 3 | 8 | 8 | 0 |
| 19 | рег. | ТВ Шутел | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 1 | 12 | 1 | 11 |
| 20 | рег. | ТВ КТВ | 10 | 1 | 1 | 5 | 2 | 1 | 20 | 11 | 9 |
| 21 | рег. | ТВ Тиквешија | 5 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 10 | 8 | 2 |
| 22 | рег. | ТВ Златен канал | 7 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 13 | 8 | 5 |
| 23 | рег. | ТВ Сител 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | рег. | ТВ Д1 | 9 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 13 | 9 | 4 |
| 25 | рег. | ТВ Ирис | 11 | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 | 21 | 16 | 5 |
| 26 | рег. | ТВ Стар | 6 | 2 | 1 | 1 | 4 | 2 | 16 | 10 | 6 |
| 27 | рег. | ТВ Вис | 9 | 1 | 1 | 2 | 6 | 5 | 24 | 10 | 14 |
| 28 | рег. | ТВ ВТВ | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 29 | рег. | ТВ Ко-Бра | 5 | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 13 | 5 | 8 |
| 30 | рег. | ТВ Боем | 5 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 8 | 2 | 6 |
| 31 | рег. | ТВ Вижн-БМ | 5 | 1 | 1 | 3 | 4 | 0 | 14 | 10 | 4 |
| 32 | рег. | ТВ Ускана | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 2 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | рег. | ТВ НТВ | 6 | 0 | 1 | 3 | 2 | 1 | 14 | 1 | 12 |
| 34 | рег. | ТВ Канал три | 5 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 11 | 8 | 3 |
| 35 | рег. | ТВ Кисс | 4 | 1 | 1 | 5 | 2 | 2 | 15 | 15 | 0 |
| 36 | рег. | ТВ Коха | 8 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 15 | 11 | 4 |
| 37 | рег. | ТВ Менада | 4 | 1 | 1 | 3 | 4 | 0 | 13 | 4 | 9 |
| 38 | рег. | ТВ Чеграни Медиа | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 39 | Куманово | ТВ Далга-Крт | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 40 | Куманово | ТВ Феста | 1 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 | 6 | 1 | 5 |
| 41 | Куманово | ТВ Хана | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 | 1 | 5 |
| 42 | Куманово | ТВ Нова | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 8 | 15 | 8 | 7 |
| 43 | Кочани | ТВ Кочани-ЛД | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 | 9 | 5 | 4 |
| 44 | Кочани | ТВ Канал 8 | 5 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 14 | 6 | 8 |
| 45 | Пробиштип | ТВ Протел | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 46 | Радовиш | ТВ Еми | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 | 6 | 6 | 0 |
| 47 | Струмица | ТВ Интел | 6 | 2 | 2 | 1 | 3 | 1 | 15 | 6 | 9 |
| 48 | Гевгелија | ТВ Нова | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 10 | 4 | 6 |
| 49 | Велес | ТВ Канал 21 | 3 | 1 | 0 | 1 | 4 | 1 | 10 | 5 | 5 |
| 50 | Велес | ТВ Здравкин | 3 | 0 | 1 | 3 | 5 | 2 | 14 | 3 | 11 |
| 51 | Свети Николе | ТВ Свет | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 52 | Лажани | ТВ Лажани | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 5 | 4 | 1 |
| 53 | Битола | ТВ Орбис | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| 54 | Битола | ТВ Тера | 5 | 1 | 1 | 1 | 7 | 3 | 18 | 14 | 4 |
| 55 | Охрид | ТВ Морис | 4 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 8 | 4 | 4 |
| 56 | Охрид | ТВ М | 7 | 2 | 1 | 2 | 3 | 7 | 22 | 13 | 9 |
| 57 | Струга | ТВ Калтрина | 5 | 0 | 1 | 3 | 0 | 2 | 11 | 5 | 6 |
| 58 | Струга | ТВ Спектра | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 8 | 5 | 3 |
| 59 | Дебар | ТВ Дибра | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2 | 2 |
| 60 | Кичево | ТВ Гурра | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 61 | Пласница | ТВ Аниса | 2 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| 62 | Тетово | ТВ Арт | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 | 3 | 13 | 4 | 9 |
| 63 | Тетово | ТВ Супер Скај | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 64 | Гостивар | ТВ Дуе | 3 | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 13 | 3 | 10 |
| 65 | Гостивар | ТВ Г-ТВ | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 66 | национално | МРА | 82 | 45 | 2 | 6 | 90 | 45 | 270 | 270 | 0 |
| 67 | национално | РА Антена 5 | 9 | 1 | 2 | 2 | 7 | 2 | 23 | 14 | 9 |
| 68 | национално | РА Канал 77 | 15 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 20 | 5 | 15 |
| 69 | национално | РА Метрополис | 5 | 2 | 0 | 3 | 0 | 0 | 10 | 0 | 10 |
| 70 | национално | РА Слободна Македонија | 7 | 5 | 1 | 5 | 0 | 11 | 29 | 11 | 18 |
| 71 | Скопје | РА Арачина | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 72 | Скопје | РА Буба Мара | 3 | 1 | 1 | 4 | 2 | 6 | 17 | 6 | 11 |
| 73 | Скопје | РА Ват | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 9 | 2 | 7 |
| 74 | Скопје | РА Зона М-1 | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 8 | 1 | 7 |
| 75 | Скопје | РА Класик | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 76 | Скопје | РА Клуб ФМ | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 4 | 3 | 1 |
| 77 | Скопје | РА Лајф ФМ | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 4 | 4 | 0 |
| 78 | Скопје | РА Роса АБ | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 79 | Скопје | РА РФМ | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 7 | 0 | 7 |
| 80 | Скопје | РА Сити | 3 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 7 | 7 | 0 |
| 81 | Скопје | РА Скај | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 5 | 5 | 0 |
| 82 | Скопје | РА Хоме | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| 83 | Скопје | РА Спортско 90,3 ФМ | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 84 | Скопје | РА СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 14 | 5 | 0 | 0 | 2 | 0 | 21 | 0 | 21 |
| 85 | Скопје | РА Фолк | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 86 | Скопје | РА Фортуна | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 8 | 8 | 0 |
| 87 | Скопје | РА Џез ФМ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 88 | Берово | Скај радио плус | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 2 | 7 | 1 | 6 |
| 89 | Битола | РА 106 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 | 4 | 2 |
| 90 | Битола | РА Актуел | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 5 | 2 | 3 |
| 91 | Битола | РА Б-97 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 92 | Битола | РА Делфин | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 5 | 1 | 4 |
| 93 | Битола | РА УКЛО ФМ | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 2 |
| 94 | Валандово | РА Валандово | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 95 | Велес | РА Голди | 3 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 2 | 3 |
| 96 | Велес | РА Мерак 5 ФМ | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 3 | 2 |
| 97 | Велес | РА Це-Де | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| 98 | Виница | РА Ла Коста | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 99 | Гостивар | РА Комета | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 100 | Гостивар | РА ПРО-ФМ | 2 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 6 | 3 | 3 |
| 101 | Гевгелија | РА Тајм | 1 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 102 | Дебар | РА Мерлин | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 3 |
| 103 | Делчево | РА Зора | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 104 | Жировница | РА Еми | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| 105 | Кавадарци | РА Галакси-2002 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 106 | Кавадарци | РА Кавадарци | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 5 | 2 | 3 |
| 107 | Кичево | РА Александар Македонски | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 108 | Кичево | РА Акорд | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 109 | Кичево | РА Медисон | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 4 | 2 | 2 |
| 110 | Кичево | РА Ускана-Плус | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 0 | 3 |
| 111 | Кочани | РА Кочани ФМ | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 2 | 2 |
| 112 | Куманово | РА Аљбана | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4 | 1 | 3 |
| 113 | Куманово | РА Браво | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 114 | Куманово | РА Јехона | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 115 | Куманово | РА КМР | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| 116 | М. Брод | РА Морис плус | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 117 | Неготино | РА Продукција-ЛГН | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 | 3 | 0 |
| 118 | Неготино | РА Пулс | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 119 | Охрид | РА Лав | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 4 | 1 | 3 |
| 120 | Охрид | РА МХ | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| 121 | Охрид | РА Охрид | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 5 | 2 | 3 |
| 122 | Охрид | РА Супер | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| 123 | Пехчево | РА Пехчево | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 4 | 1 | 3 |
| 124 | Прилеп | РА 5 Чоки | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 125 | Прилеп | РА Мефф | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 1 | 3 |
| 126 | Прилеп | РА Холидеј | 3 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 7 | 4 | 3 |
| 127 | Пробиштип | РА Еко | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| 128 | Свети Николе | РА Модеа | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 129 | Свети Николе | РА Свети Николе | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 130 | Струга | РА Ди-Џеј | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 131 | Струга | РА Дрини | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| 132 | Струга | РА МИ НИ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 133 | Струга | РА Ррапи | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 134 | Струмица | РА Експрес | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| 135 | Струмица | РА Хит | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 136 | Тетово | РА Блета | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| 137 | Тетово | РА Кисс | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| 138 | Тетово | РА Плус Форте | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 2 |
| 139 | Тетово | РА Фама | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| 140 | Тетово | РА Ред ФМ | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 141 | Штип | РА Енџелс ФМ | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| 142 | Штип | РА УГД ФМ | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Структура на вработените во телевизиската индустрија……………………….. 4
Табела 2: Структура на вработените во Македонската телевизија ........................................ 7
Табела 3: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво .............. 9
Табела 4: Број на уредници, управители, технички и реализаторски кадар_во терестријалните телевизии на државно ниво ................................................................................................. 11
Табела 5: Структура на вработените во сателитските телевизии ......................................... 12
Табела 6: Број на уредници, управители, технички и реализаторски кадар............................ 14
во сателитските телевизии ................................................................................................... 14
Табела 7: Структура на вработените во регионалните телевизии ......................................... 16
Табела 8: Структура на вработените во локалните телевизии .............................................. 18
Табела 9: Структура на вработените во радиоиндустријата.................................................. 21
Табела 10: Структура на вработените во Македонското радио ............................................ 24
Табела 11: Структура на вработените во националните радиостаници ................................ 26
Табела 12: Структура на вработените во регионалните радиостаници.................................. 29
Табела 13: Структура на вработените во локалните радиостаници...................................... 31
Табела 14: Преглед на вработените во сите телевизиски и радиостаници ............................ 34

## ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ

Слика 1: Број на вработените во јавниот сервис и во комерцијалните телевизии................................ 5
Слика 2: Структура на вработените во ТВ индустријата според работни места ................................. 5
Слика 3: Структура на вработените во ТВ индустријата според пол ................................................ 6
Слика 4: Структура на вработените во ТВ индустријата според образование.................................... 6
Слика 5: Структура на вработените во Македонската телевизија според работни места ....................... 7
Слика 6: Структура на вработените во Македонската телевизија според пол.................................... 8
Слика 7: Структура на вработените во Македонската телевизија според образование ........................ 8
Слика 8: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво (според работни места)........................................................................................................................................ 10
Слика 9: Новинарски и реализаторски кадар во терестријалните телевизии на државно ниво ............. 10
Слика 10: Структура на вработените во терестријалните телевизии на државно ниво (според пол) ....... 11
Слика 11: Структура на вработените во националните телевизии според образование ..................... 12
Слика 12: Структура на вработените во сателитските телевизии според работни места ..................... 13
Слика 13: Новинарски и реализаторски кадар во сателитските телевизии........................................ 13
Слика 14: Структура на вработените во сателитските телевизии според пол .................................. 14
Слика 15: Структура на вработените во сателитските телевизии според образование ....................... 15
Слика 16: Структура на вработените во регионалните телевизии според работните места ................. 16
Слика 17: Структура на вработените во регионалните телевизии според пол .................................. 17
Слика 18: Структура на вработените во регионалните телевизии според образование....................... 18
Слика 19: Структура на вработените во локалните телевизии според работни места......................... 19
Слика 20: Структура на вработените во локалните телевизии според пол........................................ 20
Слика 21: Структура на вработени во локалните телевизии според образование ............................. 20
Слика 22: Број на вработени во МРА и во комерцијалните радиостаници........................................ 21
Слика 23: Структура на вработените во радиоиндустријата според работни места ........................... 22
Слика 24: Структура на вработените во радиоиндустријата според пол........................................... 22
Слика 25: Структура на вработените во радиоиндустријата според образование ............................. 23
Слика 26: Структура на вработените во МРА според работни места ............................................... 24
Слика 27: Структура на вработените во МРА според пол .............................................................. 25
Слика 28: Структура на вработените во МРА според образование.................................................. 25
Слика 29: Структура на вработените во националните радиостаници според работни места................ 27
Слика 30: Структура на вработените во националните радиостаници според пол.............................. 27
Слика 31: Структура на вработените во националните радиостаници според образование ................. 28
Слика 32: Структура на вработените во регионалните радиостаници според работните места ............. 29
Слика 33: Структура на вработените во регионалните радиостаници според пол ............................. 30

Слика 34: Структура на вработените во регионалните радиостаници според образование .................. 30
Слика 35: Структура на вработените во локалните радиостаници според работните места .................. 32
Слика 36: Структура на вработените во локалните радиостаници според пол .................................. 33
Слика 37: Структура на вработените во локалните радиостаници според образование ...................... 33

| | |
|---|---|
| Наслов | Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија во 2013 година |
| Издавач | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br>Бул. ВМРО бр.3, Скопје<br>Тел. 02/3103-400<br>www.avmu.mk<br>contact@avmu.mk |
| За издавачот | д-р Зоран Трајчевски, в.д. Директор |
| Изработиле | м-р Магдалена Давидовска-Довлева<br>Катерина Доневска<br>Валиде Јашари |